РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР 10-1960/2
29.10.2024 год
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 и член 24 став 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), член 88 од Закон за општа управна постапка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Здружение на граѓани„ 2018 за иновации" од с. Дрмени,Ресен, преку застапникот
заведен под број 10-1960/1 од 30.09.2024 година, Градоначалникот на Општина Ресен го донесе следното,

## Р Е Ш Е Н И Е

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од Здружение на граѓани„ 2018 за иновации" од с. Дрмени,Ресен, преку застапникот , заверено под број 10-1960/1 од 30.09.2024 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен. **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата Здружение на граѓани„ 2018 за иновации" од с. Дрмени,Ресен, преку застапникот , поднесе барање до ЈКП Пролетер-Ресен , кој подоцна согласно член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019)истото го препрати на Општина Ресен и побара преку пошта да му биде доставен електронски запис од следната информација: Елаборат за канализација во с.Дрмени изведувана во 2014/15 со донација/инвестиција од Кралство Холандија.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, во прилог на ова Решение Ви го доставуваме одговорот од Секторот за урбанизам и комунални работи, ЛЕР и прекугранична соработка.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
РЕСЕН

**ОПШТИНА РЕСЕН**

*Одделение за урбанизам и комунални работи*

бр.16 – сл. од 28.10.2024 год.

**ДО: Сектор за правни и општи работи и јавни дејности**

**ПРЕДМЕТ:** Достава на податоци по поднесена претставка од Здружение на граѓани ,,2018 за иновации'' с.Дрмени, општина Ресен

**ВРСКА:** Ваш број 10-сл од 03.10.2024 год.

Почитувани,

Во врска со предметното Барање за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од страна на Здружение на граѓани ,,2018 за иновации'' с.Дрмени, општина Ресен до ЈКП ,,Пролетер'' Ресен (заведено со Дел.бр. 03-339/2 од 23.09.2024 год.) во кое се бара информација од јавен карактер за изведената фекална канализација во с.Дрмени, Ве известуваме дека: во с.Дрмени е изведен примарен цевковод за фекална канализација согласно Основен проект за изградба на фекална канализација во с.Дрмени изработен од страна на ,,Проект Биро'' увоз-извоз ДОО Охрид, со тех.бр. 03-67 од 03.2015 год. Исто така, Ве известуваме дека вака изведената канализација не е во функција од технички причини односно истата не е спроведена до реципиент преку колекторскиот систем. Општина Ресен во најскоро време ќе превземе конкретни мерки за изведба на куќни приклучоци од примарниот цевковод до секое домаќинство, како и поврзување на канализацијата со колекторскиот систем.

Вооедно, Ве известуваме дека копија од Основен проект за изградба на фекална канализација во с.Дрмени изработен од страна на ,,Проект Биро'' увоз-извоз ДОО Охрид, со тех.бр. 03-67 од 03.2015 год. може да подигните од просториите на Општина Ресен.

Со почит,

**Раководител**

**Златко Чаталовски**